*ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА*

***Март 2022- Март 2023***

**МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН**

**Република Северна Македонија**

*Гостивар, Април 2023*

*Содржина*

**1. ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ.......................................................................5**

1.1. Историјат.......................................................................................5

1.2. Мисија..........................................................................................6

1.2. Визија и принципи на делување...............................................6

1. 3. Основање и базични документи.............................................7

1.4. Просторни и технички услови..................................................8

**2. СТРУКТУРА..................................................................................9**

2.1. Органи и тела на универзитетот...............................................9

2.2 Единици во состав на Универзитетот........................................9

2.3. Внатрешни организациони единици.........................................9

2.4. Стручно-административна служба..........................................10

2.5. Академски кадар.......................................................................11

2.5.Структура на Универзитетот – раководни тела и органи.........................12

**3.НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**.............................13

3.1. Студиски програми..............................................................13

3.2.Обезбедување квалитет на студиските програми....................14

3.3.Компетенции..........................................................................15

3.4. Практична настава.................................................................16

3.5. Методологија за оценување.................................................16

**4. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ..............................18**

**5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА............................................18**

**6. ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ.....19**

**7. ФИНАНСИРАЊЕ.......................................................................19**

**8. СТУДЕНТИ...............................................................................20**

**9. СТУДЕНТСКИ АНКЕТИ..............................................................21**

**10. ПРЕПОРАКИ И ЗАКЛУЧОЦИ.....................................................22**

**Вовед**

Во овој извештај е опфатена работата на Меѓународен Универзитет Визион (МУВ) и единиците во состав во  периодот од март 218 до март 2021 година. Односниот период е особено комплексен ако се земе во предвид глобалната борба со пандемијата на COVID -SARS 2019 во локален контекст, прогласената вонредна состојба, препораките на здравствените власти и практичо принудната дигитализација на високото образование во целост. Универзитетот успешно се адаптираше на новата реалност и беше првата високообразовна установа во земјата која успешно ги трансферира сите неопходни активности во дигиталниот свет.

Постојаното образование и обука како центрифугална сила на академската одговорност, но и потребата студентите да бидат обучени со вештини кои понатму ќе им дадат предност и на пазарот на труд и во секојдневниот живот биле секогаш modus operandi на Меѓународниот Универзитет  Визион, кој уште од своето основање во 2014та година поседува соодветна лиценцирана дигитална платформа, компјутерски центар и електронски систем , придонесоа да бидеме подготвени веднаш штом се појави кризата. Впрочем, ние апелиравме до Министерството за образование и наука да ја префрли севкупната активност на факултетите онлјан, за што министерот брзо и одлучно реагираше. Токму затоа, кај нас за разлика од многу европски земји, ниту наставата ниту студентите не претпеа значителен прекин, одложување во летните месеци или најлошата опција- губење на академската година. Пандемијата креира нова реалност за која мора да бидеме подготвени не само во текот на испитната сесија туку и за следната или следните академски години. И покрај можноста која ја даде министерството на барање на дел од Универзитетите за реализирање на наставата со физичко присуство, ректорската управа во интерес на зашита на јавното здравје донесе одлука и испитната сесија да се спроведува онлјан преку лиценцираната Мајкрософт платформа која ја поседува Универзитетот. На овој начин, ги заштитивме студентите кои доаѓаат од другите градови да не се изложуваат на дополнителни трошоци и  ризици поврзани со сместувањето и користењето на јавниот превоз, а најмногу од се ги поштедивме од стресот на стапување во контакт со потенцијално заболени лица на пат од дома до амфитеатар

Истото се однесува и за услугите на стручно- административната служба кои се комплетно дигитализрани. Ваквата подготвеност на Универзитетот не дојде преку ноќ, туку низ континуирана обука за професорите, студентите и стручната служба како и постојано инвестирање во технологијата. Точно е дека тоа се сериозни ресурси, но нивното алоцирање на соодветен начин низ годините ни овозможи денес да функционираме непречно и дури и подобро од претходно. Во обид да ги насочиме студентите кон  стекнување на дигитални вештини, алатките кои ги користевме делумно во текот на редовната настава, не им беа непознати кога пандемијата го затекна светот неподготвен, заради што и наставата и испитите се одвиваат непречно. Сите активности континуирани ги следи лично Ректорот проф.д-р Фадил Хоџа врз основа на дневни извештаи. Она што особено не радува е што студентите на онлајн часовите се уште поредовни отколку вообичаено и што интересот за наставата и после цела година не опаѓа..

Овој извештај претставува сублимат на втората редовна самоевалуција, а односниот период и покрај сите предизвици беше исклучително динамичен и развоен. Беа основани три нови единици, од кои два научни институтa и еден факултет. Интензивирана  беше меѓународната соработка како и соработката на национално ниво, а универзитетот и единиците во состав беа кадровски и технички доекипирани. Во мај 2018та беше донесен нов закон за високо образование, што бараше интензивна нормативна активност за усогласување на тековното работење.

Самоевалуацијата се врши врз основа на квалитативна анализа и анализа заснованаврз релевантни квантитативни параметри што понатаму претставува база за донесување напрецизни и јасни констатации и заклучоци темелени врз факти.

Во рамките на своите надлежности, комисијата за самоевалуација , треба да ја спроведе постапката за самоевалуација и да подготви Извештај за односниот период.

# 1.ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Меѓународниот Универзитет Визион е приватна високообразовна установа основана од страна на фондацијата за наука, култура и уметност „Шар Вардар“ од Гостивар,  со цел да обезбеди нова визија за квалитетен и интергативен пристап кон високото образование во земјата и регионот.

Примарната идеја која ја имаа основачите на Универзитетот, беше фузирање на најдобрите образовни практики од цивилизацискиот исток и запад, афирмирање на локалната култура и традиција на соживот, почитување , гостопримство, и уважување на разликите и мултиетничкиот соживот како камен-темелници на општествен прогрес во регионот.

## 1.1. Историјат

Универзитетот се роди во особено комплексни општествено-политички услови и специфична динамика за високото образование во Република Северна Македонија, но и поширокиот регион.

Согласно Законот за високото образование, универзитетско образование на мајчин јазик за помалите заедници во Република Северна Македонија е единствено можно во форма на приватна високообразовна установа, и Меѓународниот Универзитет Визион е единствена ваква институција во Република Северна Македонија кој овозможува образование на турски наставен јазик, кој во матичната општина на Универзитетот е и службен јазик. Сите студиски програми на двата циклуси на студии при петте единици: Архитектонски факултет, Економски факултет, Правен факултет, Факултет за општествени науки, Факултет за информатика и Факултет за градежно инжинерство се акредитирани на три наставни јазици: турски, македонски и англиски, што го прави Универзитетот единствен по многу основи, и дава нагласена интернационална димензија.

Извештајот го изработи Комисијата за евалуација на Универзитетот, формирана со одлука на Сенатот.

Комисијата ги започна активностите за самоевалуација согласно со методологијата за спроведување на самоевалуација дефинирана со Универзитеското упатство. Истата во целост е базирана на препораките од европските стандарди и насоки за интерно обезбедување квалитет на

високообразовните институции, параметрите и индикаторите утврдени во препораките на Европската асоцијација за обезбедување квалитет, како и Упатството за евалуација и евалуациона постапка на факултет/висока стручна школа/научна установа, донесено во 2002 година од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија.

### 1.2. Мисија

Мисијата на Универзитетот се состои во генерирање на знаење и наука како и создавање и негување на различните културни вредности во општеството. Во тој контекст, основната премиса во работата на Универзитетот претставува квалитетно образование за млади кадри од различни етнички заедници и нивно прераснување во квалификувани и компетентни стручњаци спремни да конкурираат на националниот и на меѓународниот пазар на знаење и на труд.

МУВ претставува институција која врши наставна, научна и апликативна дејност во областите на акредитираните студиски програми. За нас крајната цел на образованието е личноста, и во тоа име вложувањето во развојот на секој наш студент е наш примарен приоритет.

МУВ е посветен на негувањето и на меѓународната афирмација на традиционалните обележја и вредности на различните етникуми на нашето општество и, истовремено, на негувањето на културните и образовни вредности на Турците во Република Северна Македонија, како еден од конституивните народи ;

МУВ е отворен за сите студенти врз основа на еднаквост и резултати, без разлика на нивното идеолошко, културно и социјално потекло;

МУВ е определен за постигнување на меѓународните норми и стандарди во сите области на своето дејствување.

### 1.3. Визија и принципи на делување

Генерална задача на универзитетот е создавање, заштита и пренесување на знаењата за обезбедување на социјална и економска благосостојба и напредок на општеството, подготвување на студентите за занимања за кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, културна и јазична разновидност, поттикнување на технолошкиот развој, развој на науката,

уметностите, техничката култура и спортот. Посебните цели и задачи се реализраат преку посебните дејности на Универзитетот во смисла на Законот за високото образование на РМ. Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување.
Универзитетот ја врши својата дејност врз принципот на академската автономија.
Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности. Автономијата на универзитетот вклучува академска слобода, автономија на управувањето и неприкосновеност на автономијата.

Сето ова е во насока на создавање на:

- Универзитет со успешно вградени меѓународни стандарди,
- Универзитет чијшто студиски програми ќе бидаат меѓунардоно академски и професионално признати
- Универзитет со висок степен на меѓународна и внатрешна интституционална соработка и координација,
- Универзитетот ќе преставува заедница на слободни поединци, наставници, и студенти.
- Универзитетот ќе преставува спој на развојот на истражувањата од областа на мулкиткултурниот живот на локално и меѓународно ниво.
- Универзитетот ќе има адекватно валоризирана улога и статус во општеството.

### 1.3. Основање и базични документи

Фондацијата за наука, култура и уметност „Шар Вардар“ од Гостивар на ден 17.06.2014 година поднесе барање за основање на Меѓународниот Универзитет Визион. На седницата одржана на 07.10.2014 година Владата на

Република Северна Македонија донесе одлука за давање на одобрение за основање на високообразовна установа Универзитет „Меѓународен Универзитет Визион“ во Гостивар кој се објави на 20.10.2014 во „Службен весник“ на Република Северна Македонија бр.153/14 (4781).

На 24.10.2014 година Меѓународниот Универзитет Визион од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија доби решение за акредитација од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, како и решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука.

Студиските програми на прв и втор циклус на студии на петте факултети се акредитирани на македонски, турски и англиски наставен јазик.

## 1.4.Просторни и технички услови

Кампусот на Универзитетот има површина од околу 8000 $м^2$, на три ката, во центарот на Гостивар.

Местото каде се изведуваат административните процеси, наставата и обуките има површина вкупно од околу 6200 $м^2$.

Универзитетот располага со 3 големи амфитеатри, опремени со 5 дигитални табли, 2 компјутерски лаборатори, 22 предавални, библотека, 3 мали амфитеатри. За студентите по архитектура е подготвено посбено ателје и соодветни простори за цртање, како и читална за сите студенти. За студентите по право, опремена е посебна просторија- симулирана судница за клиничка настава.

Универзитетот максимално ги користи придобивките од современата технологија -во рамките на Универзитетот функционира дигитална библиотека и интегрален електронски систем.

При подготовките на просторот максимално се водеше сметка за секој студент и посетител да се чуствува пријатно , преку изборот на квалитетни материјали од природно потекло и во топли бои.

Целосно се опремени и ставени во функција Канцеларијата за меѓународна соработка и ЕКТС, Центарот за кариера, Компјутерскиот центар и Универзитетската библиотека.

## 2. СТРУКТУРА

### 2.1 Органи и тела на Универзитетот

Прв чекор во операционализација на функционалноста по основањето беше конституирање на органите и телата на Универзитетот. Органи на Универзитетот се: Универзитетски сенат, Ректор и Ректорска управа. Како орган на основачот на Универзитетот функционира управниот одбор. Универзитетот има и тројца проректори и генерален секретар. Факултетските и универзитетското студентско собрание е тело преку кое студентите го остваруваат своето право на учество во управувањето и креирањето на политиките, а тоа тело го избира и студентскиот правобранител.

### 2.2. Единици во состав на Универзитетот

Согласно Статутот на Универзитетот, како единици во состав на Универзитетот можат да се јават : факултети, високи стручни школи и научни институти. Единиците имаат права и обврски за:

- активно и постојано учество и придонес во остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците;

- иницирање прашања и предлагање решенија од доменот на дејноста на Универзитетот и на единиците;

- активно учество во работата на органите и работните тела на Универзитетот и на единиците;

- реализација на актите, одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и на единиците;

- почитување на дигнитетот и достојна употреба на името и обележјата на Универзитетот и на единиците.

Единици во состав на Универзитетот се :

- МУВ Факултет за Информатика
- МУВ Правен Факултет

- МУВ Факултет за општествени науки
- МУВ Економски Факултет
- МУВ  Архитектонски Факултет
- МУВ Факултет за инженерство и архитектура
- Институт за општествени науки „Туран Јазган
- Институт за балкански истражувања „Ерол Олчок“

### 2.3. Внатрешни организациони единици

Формирани внатрешни организациони единици:

- Компјутерски центар и единствен информатички систем на Универзитетот
- Универзитетската Библиотека
- Канцеларијата за меѓународна соработка и ЕКТС
- Центар за кариера
- Центар за издавачка дејност

### 2.4. Стручно-административна служба

Стручната и административната служба се организира како интегрирана стручна и административна служба на Универзитетот. Службата на Универзитетот се организира по сектори, во согласност со функционалната поврзаност на дејноста на единиците на Универзитетот. Со работата на Службата на Универзитетот раководи генералниот секретар на Универзитетот. Во рамки на стручно-административната служба се организира работата на :

-Генерален Секретаријат

-Служба за финасии

-Студентска служба

-Служба за техничка поддршка, одржување и логистика

-Архива и деловодство

-Канцелрија за меѓународна соработка и ЕКТС

Во периодот на евалуација, бројот на вработени во стручно-административната служба флуктираше на околу дваесетина вработени, а по по потреба беа анагажирани дополнително и други лица. При вработувањето се води сметка за професионалните знаења и вештини, личиите вештини и пристапот кон работата, а влезот во службата е високо селективен. Кадровската политика е во насока на обезбедување на баланс и рамномерназастапеност по сите основи, во насока на осигурување транспарентна и високо потентна средина за личен и општествен развој.

## 2.5. Академски кадар

Академскиот кадар е високо профилиран и дивиргентен, со нагласена интернационална димензија




Во наставата се вклучени и професори од реномирани партнерски универзитети од земјата и странство.

Бројот на сопствен кадар, според различни звања (вработен на неопределено и определеновреме), на ниво на целиот Универзитет, овозможува квалитет и континуитет во севкупното работење. Вкупниот број на наставници, вработени на неопределено и определено време, кои се ангажирани за реализација на студиските програми на различни единици, генерално, е во согласност со нормите за оптовареност на наставникот.

Генерален впечаток е дека студентите позитивно се произнесоа по поставените прашања за подготвеноста и редовноста на наставникот, личната култура и

односот на наставникот, а особено во однос на тврдењето дека испитните/колоквиумските прашања се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература и дека наставниците го проверуваат квалитетот на постигањата на студентите на соодветен начин. Анализата на одговорите на анкетните прашања коишто се однесуваат на соработниците покажува дека студентите во голем процент позитивно се изјасниле за нивниот квалитет. Висока усогласеност на одговорите помеѓу различни единици, се добива по однос на сите предвидени параметри.

## 2.6. Структура на Универзитетот – раководни тела и органи

Функционирањето на Универзитетот е организирано похоризонтална и по вертикална основа, со ефикасна организациска и управувачка структура. Нанајвисокото скалило се наоѓаат управните тела и органи на Универзитетот:Ректорот, Ректорската управа и Сенатот.

Во најтесниот состав на раководството на Универзитетот се наоѓаат ректорот, проректорите игенералниот секретар. Ректорот е задолжен за вкупното раководење на Универзитетот, додека проректорите имаат специфични области на управување.

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на акредитираните научни институти и еден претставник настудентите. Со Ректорската управа раководи ректорот. Во работата на Ректорската управа учествува игенералниот секретар на Универзитетот, без право на одлучување. Во работата на Ректорската управа на Универзитетот по покана на Ректорот може да учествуваат и други лица.

Универзитетскиот Сенат е највисок орган на управување и стручен орган на Универзитетот, со којшто претседава Претседател на Сенат. Сенатот го сочинуваат претставниците од единиците на Универзитетот избрани непосредно и со тајно гласање од редот на наставниците како и од студентите.

Во рамките на Универзитетот, со цел проучување и изготвување предлози за прашања од делокругот на работата на управните органи и изработување препораки, мислења и решенија за најбитните теми од дејноста и функционирањето на Универзитетот, работат постојани комисии како што е комисијата за самоевалуција.

# 3.НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## 3.1. Студиски програми

Студиските програми се профилирани уште од првата година на студирање. Постоењето на потесни специјалности во рамките на одредени студии, времетраењето, модуларноста, преминот од едни студии на други се прашања на чие подобрување постојано се работи.

Универзитетот го претпочита принципот на интердисциплинарност и на мултидисциплинарност во студиските програми, односно интегрирани студии, при што во реализацијата на наставната програма учествуваат два или повеќе факултети со својот наставнички кадар и опрема. Вакви искуства има на сите факултети при Универзитетот.

Учеството на часовите од теоретската и практичната настава, како и индивидуалните активности од задолжителните, изборните и факултативните предмети е различно и во одредена мерка условено од спецификите на студиските програми на постдипломските студии.

На Универзитетот се акредитирани следните студиски програми на прв,втор и трет циклус, и тоа правни науки на прв и втор циклус на Правниот факултет, архитектура и дизајн на прв и втор циклус на Архитектонскиот факултет, информатика на прв и втор циклус на Факултет за информатика, економија на прв циклус и МБА менаџмент на втор циклус на Економски факултет, психолошко советување и усмерување на прв и втор циклус, психиологија на прв и втор циклус на студии, сексуално советување и терапија на втор циклус во времтраење од две години како и докторски студии по клиничка психологија на Факултет за општествени науки. Во склоп на Факултет за инженерство и архитектура, акредитирани се студиски програми по компјутерско инженерство и градежно инженерство на прв циклус на студии и интегрирани петгодишни студии по архитектура.

Квотите за запишување во прва година на прв, втор и трет циклус на студии на единиците, според различни критериуми во зависност од циклусот, се составен дел на Конкурсите за запишување на студенти, објавени од страна на Универзитетот.

Наставата се одвива на турски јазик на прв циклус на сите единици, а на втор циклус се одвива менторски, на јазик кој го избрале запишаните кандидиати.

Студиските програми се структуирани така да овозможат доволен простор за структурни знаења од областа, но и за специјализирање во потесно подрачје на интерес.




## 3.2.Обезбедување квалитет на студиските програми

Системот на обезбедување и оценување на квалитет на студиските програми на Универзитетот, се спроведува низ неколку фази (изготвување, предлагање, одобрување и практична реализација) врз основа на одредбите на националните законски акти, како и правилниците донесени на ниво на Универзитет.

Наставно – образовниот процес кој се реализира низ студиските програми им овозможува на студентите да се стекнат со резултати од учењето, соодветни на нивото на студиската програма (општи и специфични дескриптори). Анализата покажува дека во текот на студиите, студентите најмногу се оспособуваат за писмено комуницирање и работа на компјутер, но потребни се дополнителни ангажмани за усовршување на студентите во однос на анализата на стручна и научна литература и подготвување на проекти.

За разлика од првиот циклус, студентите на втор и трет циклус се оспособуваат за научноистражувачка работа, за анализа на стручна и научна литература и подготвување на проекти. Кога станува збор за обемот на студентското оптоварување, може да се заклучи дека истото е во законските рамки од 1500 до 1800 часа годишно, а секоја студиска година е еквивалентна на 60 ЕКТС. Овие стандарди (Универзитетски Правилник за ЕКТС) кореспондираат и со прифатените Болоњски принципи.

Дополнително, анализата на студентската оптовареност низ сите студиски години и кај сите високообразовни установи, покажува рамномерност и реална процена во согласност со ЕКТС кредитите.

Идентични податоци се добиваат и за ангажираноста на студентите во втор и трет циклус на студии, во зависност од времетраењето на истите. Значаен фокус на активностите и ангажираноста на студентите е ставен на изработката на магистерски труд и изработка на докторски труд.

Во однос на наставните методи, застапени се сите форми на изведување на наставно-образовниот процес во согласност со карактеристиките на студиската програма. Истите поттикнуваат самостојност и

одговорност на студентот, како и можност за негово учество во обликувањето на најадекватните и најкорисни форми на изведување настава.

### 3.3.Компетенции

Студиските програми и начинот на оценување се креирани во насока на овозможување на што поголем развој на генеричките работни компетенции на студентите, и тоа:

- Анализирање и решавање проблеми (идентификување на клучни факти при комплексни теми и развивање креативни и практични решенија);

- Комуникација (јасна и прецизна, усна и писмена);

-Испорачување квалитет и резултати (преземање лична одговорност и иницијативи за извршување на работата со високи стандарди на квалитет во рамки на воспоставените процедури);

-Учење и развој (развивање и подобрување на личните вештини и знаења за организацијата и за околината);

- Приоритизирање и организирање (приоритизирање на најважните задачи, флексибилно работење и ефикасно организирање на својот обем на работа);

- Приспособливост (ефективност при зголемен обем на работа, позитивно справување со организациските фрустрации и прилагодување на промените во работната средина);

- Работење со други (кооперативна работа во тимови во организацијата и надвор од неа и почитување на различностите меѓу луѓето).

## 3.4. Практична настава

Заради збогатување на процесот на настава, изведувањето на праксата, работата на терен и реализацијата на проекти, единиците во состав на Универзитетот, врз основа на специфичностите на студиските програми коишто ги организираат, соработуваат со компании од стопанството, владини институции, институции и јавни претпријатија на локалната самоуправа. Најголем дел од овие субјекти се информатичко-компјутерски компании, приватни компании, здравствени и образовни владини институции, институции од социјалниот сектор, правосудниот систем,  и друго. Во односниот период, се издвојува потпишувањето на договор за соработка и вршење на практична настава со Министерството за внатрешни работи, Основен суд- Гостивар, ЈЗУ Гостивар и други.

## 3.5. Методологија за оценување

Методлогијата за оценување на студентите е поставена така што овозможува многу повеќе интерактивна работа и самостојно истражување, а постои и добра избалансираност помеѓу задолжителната и дополнителна литература.




Проверката на знаења ќе се врши преку континуирано оценување, проверка на знаења преку тестови, или полагање на завршен испит. Во наставните предмети, согласно задолжителните критериуми кои треба да ги поседуваат студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии, за секој наставен предмет поединечно е утврден начинот на проверката на знаењата и начинот на вреднување на реализираните активности предидени за континуирано оценување, односно дефинирани се бодовите кои ги обезбедува студентот со реализација на поединечни активности дефинирани во наставниот предмет.

Конечната оценка за секој наставен предмет од оваа студиска програма се формира врз основа на континуираното следење на знаењето и извршувањето на посебните активности или преку завршното оценување на постигнатите резултати на студентот, и истата се формира врз основа на вкупниот број бодови кои студентот ги стекнува од континуираното или завршното оценување, при што максималниот број на можни освоени бодови е 100.

Меѓународниот Универзитет Визион, има усвоено правилник во кој е дефинирана методологијата на оценување со примена на нумеричкиот систем за оценување почитувајки ги еквиваленциите со азбучниот систем на оценување според ЕКТС. Студентот ја совладува студиската програма преку полагање на испити со што остварува одреден број на ЕКТС кредити, во согласност со структурата на студиската програма.

## 4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Меѓународниот Универзитет Визион е исклулителчно посветен во развојот на научно-истражувачката работа. Во тој дух, истиот е домаќин или ко-организатор на најмалку десет меѓународни конгреси годишно, од кои традиционални се:

Меѓународниот конгрес за економија и бизнис (ICEB)

Медитерански конгрес на општествени науки (MECAS)

Универзитетот издава сопствено референтно научно списание за општествени науки: Internatıonal Referred Scientific Journal Vision со меѓународен уредувачки одбор.

Наставниот и соработничкиот кадар на Универзитетот во рефернтниот период има објавено стручни и научни трудови во различни списанија во земјата и странство.

## 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка ја поттикнува, ја информира и ја поддржува академската заедница на Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар во напорите за градење компатибилност со европскиот модел на универзитет, посебно следејќи ги Болоњските принципи и цели.

Канцеларијата за меѓународна соработка има динамична улога во обезбедување на овие цели. Канцеларијата остварува интензивна соработка со меѓународни организации и високобразовни институции и е во постојана потрага за креирање нови партнерства и можности за соработка.

Иако пандемијата во добар дел го намали интензитетот и можноста за патување, добар дел од активностите кои беа замислени се реализираа со физичко присуство, а дел се реализираа on line.

Од активностите во меѓународна соработка, посебно се издвојуваат студентските и академските мобилности реализирани преку програмите Еразмус и Мевлана.

## 6. ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Универзитетот има институционално организиран однос со поширoката општествена заедница.

Универзитетот е посебно активен во оваа сфера и е насочен преку своите активности кон подигање на јавната свест за определни прашања. Така, на универзитетот традиционално се одржува крводарителска акција, хуманитарни акции, шаховски турнир, има бројни културни и спортски случувања.

Web страната на Универзитетот, електронскиот весник, Билтенот на Универзитетот, како службено гласило, се средствата преку кои се ласираат информациите. Web страната е достапна на македонски, турски, албански и на англиски јазик

Универзитетот овозможува контакти меѓу поранешните студенти со цел да се постигне размена на информации, искуства, напредок во кариерата и доусовршување (Alumni мрежа).

Центарот за кариера организира склучување на договори (стопанство, јавен сектор, невладин сектор, локална самоуправа), развој и советување за кариера и слично.

Популаризацијата на научно – истражувачките и стручните активности, во општествениот живот на државата, се манифестира преку одржување на трибини, учество во различни кампањи, предавања заподобра информираност на јавноста, вклученост на академскиот кадар во активности од општествен интерес, како што е имунизацијата и промовирање на мерките за заштита на јавното здравје.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ

Како приватна високообразовна институција, финансирањето на наставните и истражувачките активности на Универзитетот произлегува од студентската школарина како основен извор на приходи за Универзитетот. Вака поставеното финансирање е зависно од определни демографски и структурни влијанија на средината, му ја овозможува во целост финансиската автономија

на Универзитетот. За реализација на образовната дејност и научно-истражувачките активности Гостивар, како извор на средства, се сметаат и средствата кои се обезбедуваат од:

- Финансиска поддршка на основачот;
- Средства од партнерски универзитети, кои ги насочуваат своите наставници за изведување на настава на Меѓународниот Универзитет ,,Визион", за покривање на основните трошоци;
- приходи за реализација на проекти во меѓународни фондови;
- приходи од реализација на меѓународи развојно-истражувачки проекти финансирани од Унеско;
- приходи од реализација на меѓународи развојно-истражувачки проекти финансирани од Европска Унија;
- приходи од реализација на меѓународи развојно-истражувачки проекти финансирани од Агенција за Соработка и развој на Република Турција;
- приходи од реализација на национални развојно-истражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука;
- приходи од реализација на национални научно-истражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука;
- приходи по основ на авторски права;
- издавачка дејност;
- камати и дивиденди;
- експертски услуги на правни и физички домашни и странски лица;
- донации, подароци, прилози и други извори.

## 8. СТУДЕНТИ

Студентите се ценатрот на гравитација на постоењето на Универзитетот. Нивното мислење е особено важно, како и поттикнувањето на нивниот личен и професионален развој. Учеството на студентите во одлучувањето е

овозможено преку МУВ факултетско/ универзитетско Студентско собрание каде студентите избираат свои претставници на непосредни избори. Овие избрани претставници учествуваат потоа во работата на Сенатот, Ректорската управа и наставно-научните совети на факултетите .

За најдобрите студенти Универзитетот овозможува стипендирање во повисоките години на студии врз основа на мерит систем.




Универзитетот овозможува мултикултурна и динамична интернационална средина базирана на вредности. При самиот упис, Универзитетската комисија врши рангирање врз основа на постигнат успех, а може да се спроведе и приемен испит.

## 9. СТУДЕНТСКИ АНКЕТИ

*Сумарни резултати*

Анализата на одговорите на студентите преку реализираната студентска анкета по електронски пат укажува на генерално позитивна оценка за квалитетот на студиските програми и висок степен на задоволство од реализацијата на истите, како и од севкупниот квалитет на живот за време на студирањето. Имено, со висока усогласеност студентите позитивно се изјаснуваат по однос на тврдењата дека програмата овозможува стекнување на

соодветни знаења и вештини во согласност со стручниот профил, дека предавањата се квалитетни и дека програмата е современа и атрактивна.

Наставно – образовниот процес кој се реализира низ студиските програми им овозможува на студентите да се стекнат со резултати од учењето, соодветни на нивото на студиската програма (општи и специфични дескриптори). Анализата покажува дека во текот на студиите, студентите најмногу се оспособуваат за писмено комуницирање и работа на компјутер.

Во однос на наставните методи, застапени се сите форми на изведување на наставно-образовниот процес во согласност со карактеристиките на студиската програма. Истите поттикнуваат самостојност и одговорност на студентот, како и можност за негово учество во обликувањето на најадекватните и најкорисни форми на изведување настава.

## 10. ПРЕПОРАКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Покрај наставно-научната и образовната дејност, Универзитетот има изразена улога на мост помеѓу заедниците и цивилзациите,локално и глобално подобрувајќи ја општествената кохезија и резиелентност. Универзитетот е вистински позитивен и уникатен  пример за мултикутурализам, соживот и демократија, кој дава вистинска слика на шаренилото во земјата во секоја смисла.

За пофалба е динамиката и посветеноста на сите инволвирани во етаблирањето на Меѓународен Универзитет Визион. Комисијата би сакала да го охрабри Универзитетот да продолжи и понатаму да го развива напредниот пристап и да продолжи да се претставува како институција која ги предводи промените, истовремено нудејќи иновативни решенија во променливи околности. Комуникацијата со надворешниот свет (со деловниот свет, со идните студенти и нивните семејства итн.) претставува особен придонес за Република  Северна Македонија, но и за пошироката регионална заедница.

Универзитетот има добра соработка со бројни други универзитети,факултети, институти и други високообразовни и истражувачки институции од земјава ипоширокиот регион. Во иднина Универзитетот ќе настојува да воспоставува и да јаинтензивира соработката на заеднички теми и интереси со релевантни

европски и светски институции од академскиот, истражувачкиот, приватниот и граѓанскиот сектор. Затоа, во иднина ќе се работи на развој и примена на ефикасен механизам за поттикнување на меѓуинституционална соработка, било да се работи за научно-истражувачка, наставнообразовна, или пак, стручно-апликативна дејност. Притоа, со зголемување на бројот на договори за соработка, посебно внимание ќе се обрне кон развој на стратешки партнерства кои ќе опфаќаат различни видови научна и стручна соработка.

Универзитетот ужива висок степен на доверба од локалната заедница и во регионален контекст, и веќе се докажа и етаблира како сериозен ентитет кој се стреми кон извонредност во секоја сфера на делување.

Прилог 1: примерок на анкетен прашалник

Меѓународен Универзитет Визион - International Vision University
Universiteti Ndërkombëtar Vizion - Uluslararası Vizyon Üniversitesi

Adres: Ul. Major C. Filiposki No.1, Gostivar – Кизеу Makedonya
tel: +389 42 222 325, www.vizyon.edu.mk, info@viyzon.edu.mk

| **САМОЕВАЛУАЦИЈА – ÖZ DENETİM**<br>**Dönemi, семестар / месец и година ay ve yil** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Насока<br>Bölüm | | **Година**<br>**Sınıf** | | **Предмет**<br>**Ders** | | | | |
| Вреднување / Değerlendirme<br>5 најнизок / en düşük<br>10 највисок / en yüksek | | | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** |
| Öğretim üyesinin derse hazırlığı<br>Подготвеност за предавањата | | | O | O | O | O | O | O |
| Öğretim üyesinin ders anlatım kalitesi<br>Квалитет на изведување на наставата | | | O | O | O | O | O | O |
| Öğretim üyesinin derslere düzenli gelmesi<br>Редовно одржување на часовите | | | O | O | O | O | O | O |
| Öğretim üyesinin ders esnasında zamanı rasyonel kullanması<br>Рационално користење на времето во текот на часовите | | | O | O | O | O | O | O |
| Öğretim üyesinin öğrencilerin derse aktiv katılmaları için teşvikte bulunması<br>Поттикнување на студентите за активно учество на часовите | | | O | O | O | O | O | O |
| Öğretim üyesinin, derse ve sınav için ders materiyallerinin / ders notları/ hazırlaması<br><br>Обезбеденост на материјал за учење и полагање на испитот | | | O | O | O | O | O | O |
| Öğretim üyesine, danışma saatlerinde ulaşılabilirlik<br>Достапност за консултации | | | O | O | O | O | O | O |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Uygulamalı derslerden istifade<br>Корисност од изведените вежби | O | O | O | O | O | O |
| Uygulamalı derslerin teorik derslerle örtüşmesi<br>Усогласеност на вежбите со предавањата | O | O | O | O | O | O |
| Şahsımın derslere katılımı<br>Моето присуство на наставата беше | O | O | O | O | O | O |
| Yardımcı kaynak olarak üniversite kütüphanesinden kitap kullanımı /Дали користите додатна литература од библиотеката на универзитетот ? | O | O | O | O | O | O |
| Дали професорот има коректен однос кон студентите? Öğretim üyesinin, öğrencilere yönelik tutumu adil midir ? | O | O | O | O | O | O |